**Д-р Илија Јованов**[1]

# СОВРЕМЕНИ РЕФОРМИ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА КРИВИЧНИТЕ САНКЦИИ: РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА КАКО ОСНОВА НА КАЗНЕНАТА ПОЛИТИКА

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 343.8.047:[346.4.063.3:343.261-052(497.7)**
**УДК 343.815/.816:343.261-052**
**УДК 343.848-058.57**

**Апстракт**

Современиот пристап кон извршувањето на кривичните санкции постепено се оддалечува од традиционалниот концепт на казна и репресија, насочувајќи се кон модели што ги истакнуваат ресоцијализацијата, човековото достоинство и интеграцијата на сторителите во општеството. Во македонскиот контекст, реформите во системот на извршување на санкциите претставуваат клучен сегмент од поширoките напори за владеење на правото и хуманизација на казнената политика. Целта на трудот е да ги анализира состојбата и досегашните резултати од спроведените реформи, со посебен акцент на пробацијата, алтернативните мерки и програмите за ресоцијализација на осудените лица. Со темелна анализа на позитивното право, споредбените практики и релевантните извештаи, се настојува да се утврди дали актуелните мерки навистина придонесуваат за намалување на повторното вршење кривични дела и за поефикасно остварување на целите на казнената политика. Изведениот заклучок нагласува дека трансформацијата од модел што се заснова врз казнување кон модел ориентиран кон ресоцијализација не само што претставува реална можност, туку и неопходност, доколку целта на државата е да изгради праведен, хуман и функционален систем на кривично право.

**Клучни зборови:** *кривични санкции, рецидивизам, алтернативни санкции, ресоцијализација.*

## ВОВЕД

Промените во современите општества неминовно ја наметнуваат потребата од преиспитување на традиционалните пристапи во областа на казнената правда. Класичниот концепт на казнување, заснован првенствено врз репресија и одмазда, сè почесто се смета за недоволен во исполнувањето на целите на казнената политика.

[1] Доктор на правни науки од областа на казненото право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје. Е-пошта: ilija_jovanov@yahoo.com.

Наместо тоа, современите тенденции во извршувањето на кривичните санкции во преден план ги ставаат човековото достоинство, ресоцијализацијата и реинтеграцијата на сторителите во заедницата како рамноправни членови на општеството.

Неспорно е дека при модернизирањето и реформирањето на казненото право во повеќе држави во светот, ретрибутивниот елемент е ставен во втор план за сметка на примената на алтернативните санкции и мерки што обезбедуваат рамнотежа помеѓу правата на сторителот на кривичното дело, правата на жртвата од кривичното дело и интересите на општествената заедница. Истовремено, придобивките од примената на алтернативните санкции и мерки се огледуваат во зголемената хуманост и економичност при нивното извршување, со перспектива за позитивното влијание на рехабилитацијата и социјална адаптација на осудените лица.[2]

Реформата на системот на извршување на санкциите во Република Северна Македонија претставува значаен сегмент од процесот на усогласување со европските стандарди и вредности. Последните две децении донесоа многубројни законски и институционални промени – од воведување на пробацијата како посебна институција, преку примената на алтернативни санкции, па сè до развивањето програми за ресоцијализација и психосоцијална поддршка на осудените лица. Сепак, остануваат голем број предизвици поврзани со недоволната материјална основа, ограничените човечки ресурси и потребата од поголема координација меѓу институциите надлежни за извршување на санкциите.

Целта на овој труд е да се анализира степенот на реализација и ефективност на досегашните реформи во системот на извршување на кривичните санкции, особено во делот на нивниот придонес за ресоцијализација и намалување на рецидивизмот. При изработката на трудот ќе се применат аналитички и компаративни методи, преку споредба на националните решенија со европските стандарди и практики, како и преку анализа на релевантните институционални извештаи.

Основната хипотеза од која се тргнува во трудот е тоа што *примената на алтернативни санкции, во комбинација со програми за ресоцијализација, доведува до статистички значително намалување на рецидивизмот и до подобрување на перцепцијата за хуманост и праведност на казненоправниот систем, во споредба со моделот што се заснова исклучиво врз казнено ориентирани мерки*. Преминот од систем што казнува кон систем што ресоцијализира не е само нормативна, туку и суштинска трансформација на вредностите врз кои се гради едно праведно и современо општество.

## 1. ЕВОЛУЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ НА КАЗНУВАЊЕТО: ОД РЕПРЕСИЈА КОН РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Казненото право, како најрепресивна гранка на правниот систем, отсекогаш било во центарот на дебатата околу односот меѓу државната власт, индивидуалните слободи и општествената правда. Еден од неговите суштински сегменти – системот на

[2] Јованов, И. (2024). Предности од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1–15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

извршување на санкциите – претставува огледало на општествените вредности и степенот на демократичност на државата. Начинот на кој државата ги третира осудените лица не е само прашање на законска техника, туку и прашање на цивилизациско ниво и почитување на човековото достоинство.

Во теоријата не постои спор околу тоа дека казненото законодавство до одреден степен го намалува криминалитетот и го одржува под стапка што би била достигната доколку тоа не постои. Основната претпоставка е дека стапката на криминалитет би била многу повисока кога не би постоела казната. Во современите казнени законодавства, централно е прашањето за одделните промени во казнувањето со кои може да се постигнат видливи разлики во стапките на криминалитет. Како најзначајни механизми за остварување токму на ова се целите на казнување.[3]

Истражувањата покажуваат дека различни правни системи комбинираат повеќе теории на казнување – од класичната одмазда (*retributio*), преку утилитарниот пристап превенција (*praeventionis*), до современите модели на ресоцијализација и ресторативна правда.

Имено, историски гледано, целите на казнувањето се движеле во широк опсег – од одмаздничкиот пристап во античките и средновековните системи, до современите модели што ги нагласуваат превенцијата, ресоцијализацијата и хуманизацијата. Според класичните теории, казната имала примарна функција да воспостави рамнотежа помеѓу стореното зло и заслужената санкција. Меѓутоа, под влијание на современите хуманистички идеи, правната наука и меѓународните стандарди ја трансформираа казната во инструмент насочен кон поправка и повторна интеграција на сторителот во општеството.

Во современиот правен поредок, особено под влијание на Европската конвенција за заштита на човековите права[4], извршувањето на санкциите се заснова врз начелата на хуманост, пропорционалност, индивидуализација и ресоцијализација. Овие принципи подразбираат дека казната не треба да биде средство за деградација, туку за корекција и нов почеток.

Гледано компаративно, може да истакнеме дека не сите јурисдикции во светот ги имаат утврдено целите на казнувањето во законите. Кога целта на казнувањето е експлицитно наведена во закон, таа се движи од општа превенција (реафирмирање на валидноста на правната норма нарушена со сторување казнено дело, со што се задоволуваат очекувањата на заедницата за валидноста на прекршената правна норма), одвраќање, индивидуална превенција, рехабилитација, односно социјална реинтеграција, па сè до одмазда и изразување социјално неодобрување, односно комбинација од наведените цели.[5]

[3] Груевска Дракулевски, А. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум, стр. 193.
[4] Европска конвенција за заштита на човековите права. Достапна на: https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_MKD.
[5] Јованов, И. (2025). Предности и недостатоци од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на полесните облици на криминалитет (докторска дисертација). Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, стр. 38.

Согласно македонскиот Закон за извршување на санкциите[6], процесот на ресоцијализација на осудените лица претставува основна функција на казнено-поправната и воспитна-поправната установа.

Така, концептот на ресоцијализација се дефинира како процес на подготвување на осуденото лице за враќање во заедницата преку стекнување нови вредности, работни навики и чувство на општествена одговорност. Овој процес не завршува со издржувањето на казната, туку продолжува со мерките за постпенална поддршка, кои се клучни за спречувањето на рецидивизмот.

Ресоцијализацијата на осудените лица е процес што подразбира преземање соодветно приспособени активности додека лицето се наоѓа во КПУ, со цел да се приспособи кон условите во установата, да го познава и да го почитува куќниот ред и да се однесува дисциплинирано. За ресоцијализацијата да ги оствари целите што се очекуваат, неопходно е приспособување на третманот во установата на потребите на осуденото лице. Пенолошкиот, односно институционалниот третман претставува индивидуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапување спрема осуденото лице во установата за време на извршување на казната затвор со цел насочување, развивање и остварување позитивни карактерни особини и способности за негова ресоцијализација.[7]

Посебно место во современите правни системи имаат алтернативните санкции, како што се: пробацијата, условната осуда, општествено корисната работа и електронскиот надзор. Овие мерки ја намалуваат пренатрупаноста на затворите и истовремено овозможуваат сторителот да ја преземе одговорноста во рамките на заедницата, без целосна изолација. Според многубројните истражувања во Европа, примената на вакви мерки значително го намалува процентот на рецидивизам и ја зголемува ефективноста на казнената политика. Истовремено, поширокатa примена на алтернативни санкции и зајакнувањето на пробацијата се клучни за намалување на рецидивизмот и за хуманизација на кривичната правда.

Смислата на самите алтернативни мерки е тие да се применуваат секогаш кога не е потребно изрекување потешка казнена санкција, како што е лишувањето од слобода. Се смета дека со примена на алтернативните мерки ќе се постигнат целите на казнувањето за сторителите на казнени дела од полесен вид.[8]

Гледајќи низ призмата на постојниот казнен популизам за кој може да се каже дека претставува тренд во некои земји, притоа имајќи предвид дека станува збор за демагошко заживување застарени и погрешни идеи за општествената корисност, праведноста и потребата од заострување на казнените мерки против сторителите на казнени дела, во современото казнено право во поголема мера се истакнуваат позитивните страни од примената на алтернативните санкции.[9]

---

[6] Види: член 14 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019, 220/2019, 236/2022, 74/2024).

[7] Види: Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на РСМ“ бр. 133/2020 од 22.05.2020 година).

[8] Јованов, И. (2024). Предности од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1–15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[9] Ibid.

Оттаму, теоретската рамка на овој труд се заснова врз тезата дека *хуманизацијата на извршувањето кривични санкции и насоченоста кон ресоцијализација се неопходни предуслови за намалување на рецидивизмот, зајакнување на довербата во правосудниот систем и обезбедување одржлив општествен развој*.

## 2. СОСТОЈБА И ПРЕДИЗВИЦИ ВО СИСТЕМОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Системот на извршување на санкциите во Република Северна Македонија претставува комплексен механизам што ги интегрира законските, институционалните и социјалните аспекти на кривичната правда. Во текот на последните две децении се реализирани значајни реформи со цел унапредување на ефикасноста, хуманоста и ресоцијализирачката функција на казната, меѓу кои се издвојуваат: воведувањето алтернативни санкции, воспоставувањето пробациска служба и развој на програми за ресоцијализација и психосоцијална поддршка на осудените лица.

Сепак, македонскиот казненоправен систем се соочува со голем број структурни и оперативни предизвици. Пренатрупаноста на казнено-поправните установи, недостигот на стручни кадри и ограничените материјални ресурси создаваат пречки за ефикасна имплементација на реформските мерки. Дополнително, постои недоволна координација меѓу институциите задолжени за извршување на санкциите, што резултира со фрагментиран пристап кон ресоцијализацијата на осудените лица.

Анализата на позитивното право покажува дека македонскиот Закон за извршување на санкциите[10] и Законот за пробација[11] ги утврдуваат основните принципи на извршување на казната, но нивната практична примена се соочува со имплементациски предизвици. Иако пробацијата и алтернативните санкции се воспоставени како механизми за намалување на пренатрупаноста и промовирање ресоцијализирачки цели, нивната ефективност зависи од континуирана обука на кадарот, соработка со локалните заедници и мониторинг на резултатите. Целта е намалување на затворската популација и подобрување на ресоцијализацијата на осудените лица.

Во контекст на компаративната анализа, искуствата од земјите со развиени системи на ресоцијализација, како што се скандинавските држави (Шведска, Норвешка, Данска, Финска), укажуваат на значајноста на интегриран и индивидуализиран пристап. Овие модели комбинираат казна и образовни, психолошки и социјални програми, со акцент на соработка со заедницата и минимизирање на повторното кривично однесување.

Истражувањата во Норвешка[12] покажуваат дека рецидивизмот е околу 20 % што претставува една од најниските стапки меѓу западните земји. Податоците од Данска[13]

---

[10] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019, 220/2019, 236/2022, 74/2024).

[11] Закон за пробација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/2015).

[12] Види: Denny, M. (2016). "Norway's Prison System: Investigating Recidivism and Reintegration," Bridges: A Journal of Student Research: Vol. 10: Iss. 10, Article 2. Достапно на: https://digitalcommons.coastal.edu/bridges/vol10/iss10/2.

[13] Види: Recidivism Rates by Country 2025. Достапно на: https://worldpopulationreview.com/country-rankings/recidivism-rates-by-country. Посетено на: 28.11.2025 година.

варираат, но одредени студии укажуваат на стапки од 29 % до 51 %, во зависност од периодот и методологијата. Податоците од Шведска и Финска[14], исто така, бележат релативно ниски стапки, со просек од 25 % до 30 %, што е значително пониско од просекот, на пример, во САД или во Обединетото Кралство.

Како најважни причини за ниският рецидивизам се истакнуваат: интегрираниот пристап (казната се комбинира со образовни, психолошки и социјални програми); индивидуализацијата (секое осудено лице добива план за ресоцијализација според неговите потреби и ризици); соработката со заедницата (затворите се дизајнирани како институции за корекција со акцент на реинтеграција на осуденото лице во општеството); и хуманизацијата (условите во затворите се ориентирани кон достоинство и подготовка на осуденото лице за живот надвор од институцијата).

Овие податоци ја потврдуваат тезата дека ресоцијализацијата не е само формален акт на законодавството, туку суштински елемент на функционален и современ казненоправен систем. Скандинавскиот модел покажува дека хуманизацијата и интеграцијата се директно поврзани со намалување на рецидивизмот и со одржлив општествен развој. Таквата стратегија ја потврдува тезата дека ефикасната ресоцијализација не е само формален акт на законодавството, туку суштински елемент на функционален и современ казненоправен систем.

Имајќи го предвид наведеното, може да истакнеме дека македонскиот систем на извршување на санкциите се наоѓа на критичен историски пресек: од една страна, се препознаваат законските и институционалните реформи, но, од друга страна, нивната практична ефикасност е ограничена поради структурни и ресурсни предизвици. Овој контраст го поттикнува понатамошното истражување и предлагање конкретни мерки за трансформација од казнено-репресивен кон ресоцијализирачки модел, со цел остварување на крајната цел на казнената правда – интегрирање на осудените лица во општеството како одговорни и активни членови.

## 3. РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА КАКО ЦЕЛ НА СОВРЕМЕНОТО ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ САНКЦИИ

Во современите казненоправни системи, под функционален систем на извршување кривични санкции се подразбира комплексен пристап што ја опфаќа димензијата на казнување, но и димензиите на ресоцијализација и реинтеграција на сторителите на кривични дела во заедницата. Во овие казненоправни системи се бараат модификации или усовршувања на основниот концепт на ресоцијализација, со првенствена цел – да се зголеми нејзината ефикасност, а не само намалување на рецидивизмот.

Намалувањето на рецидивизмот претставува сложен процес што подразбира ресоцијализација и рехабилитација на сторителите на кривични дела. Овој процес не се однесува само на индивидуалната трансформација на нивните модели на однесување,

[14] Види: Kristoffersen, R. (2013). Relapse study in the correctional services of the Nordic countries. Key results and perspectives, во: *Eurovista* 2 (3), 168-176. Достапно на: https://cep-probation.org/wp-content/uploads/2019/01/VOL-2.3-Relapse-study-in-the-correctional-services-of-the-Nordic-countries.-Key-results-and-perspectives.pdf.

туку и на институционалните промени во практиките на професионалците што се задолжени за надзор, третман и поддршка на осудените лица, како во рамките на затворските установи, така и по нивната реинтеграција во заедницата. Затоа, ефективните стратегии за намалување на рецидивизмот и зајакнување на јавната безбедност не може да се сведат единствено на статистичко следење на стапките на повторно лишување од слобода. Овие индикатори, всушност, се резултат на два основни механизми: повторно затворање поради извршување ново кривично дело или санкционирање поради прекршување на условите на надзорните санкции во заедницата.

Како клучна цел на современиот казненоправен систем, ресоцијализацијата претставува концепт што го надминува класичниот репресивен модел и ја нагласува хуманата и превентивната димензија на санкцијата. Во оваа насока, извршувањето на казната, односно санкцијата претставува не само одмазда, туку и процес на трансформација на осуденото лице со цел негова реинтеграција во општеството. Таа реинтеграција подразбира стекнување нови социјални и професионални компетенции, развој на одговорност и свест за последиците од криминалното однесување.

Од ресоцијализацијата се очекува да ги измени оние лични својства на осуденото лице што се поврзани со криминално однесување, трајно да го отстранат криминалното однесување на таквите лица и така да ги оспособи за интеграција во општествениот живот. За да се постигне оваа цел на ресоцијализација, осудените лица треба да се превоспитаат на начин што ќе ги прифатат позитивните општествени вредности и ставови. Ова претставува создавање свест за обврска и правилен однос кон општествените проблеми што недостигаат кај голем број осудени лица.

Смислата за ресоцијализација се состои во оспособувањето на осуденото лице да ги почитува општествените вредности, на таа основа повторно да се вклучи во општеството и така да стане корисен член на заедницата, иако осуденото лице треба да знае дека тоа оспособување не оди едноставно и без тешкотии. Напротив, осуденото лице наидува на многу пречки и препреки.

Осуденото лице треба да сфати дека неговите проблеми не произлегуваат само од општеството, дека тие се производ на неговата личност, неговата перцепција за реалноста, неговите мотиви, желби и други слични својства. Ако така ги сфати своите проблеми, може да се очекува дека ќе го усогласи своето однесување со законските норми и дека нема да дозволи повторно да потпадне под влијание на своите слабости, фрустрации и разни девијации во својата личност. Во тој случај, осудениот го менува својот однос кон општествената средина и кон другите лица, го менува врз база на содржини усвоени во процесот на ресоцијализација, содржините што се насочени кон тоа да ја разбудат и да ја развијат свеста за штетноста од кривичните дела не само за пошироката општествена заедница, туку и за сопствениот самостоен и општествено адаптиран живот. За таквиот осуденик може да се каже дека е социјално адаптиран и дека е постигната неговата ресоцијализација.[15]

---

[15] Јовчева, А. (2014). Социјална интеграција на поранешно осудени лица (магистерски труд). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет – Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“, стр. 15–16.

Можеби би требало да се анализира и да се испита функционалноста на постојните програми и доколку се увиди дека тие, ако не се функционални да се заменат со посуштински програми што, освен вработувањето и домувањето, ќе се фокусираат и на проблемите со кои се соочуваат осудените лица, а се од психичка природа. Познато е дека на проблемите со менталното здравје не им се посветува доволно внимание, иако со поновите истражувања факт е дека одржувањето здраво ментално здравје во комбинација со обезбедени основни средства за живеење, како што се храна, домување и работа, се главните предуслови за функционален живот без поголем ризик од нарушување на позитивните законски норми.[16]

Модерните модели на ресоцијализација вклучуваат комбинација на образовни, психолошки, социјални и професионални програми, кои се приспособени на индивидуалните потреби на осудените лица. Во оваа смисла, процесот на ресоцијализација не е универзален, туку индивидуализиран, со што се максимизира шансата за успешна реинтеграција. Европските искуства, особено од Скандинавија и од Западна Европа, укажуваат на значајноста на отворените установи, програми за обука и вработување, како и менторски системи што го следат осуденото лице и по издржувањето на казната.

Во македонскиот контекст, ресоцијализацијата се реализира преку ограничен број програми во рамките на казнено-поправните установи, како и преку пробациската служба. Сепак, постои потреба од систематизиран и интегриран пристап, кој би овозможил континуитет на ресоцијализирачките активности и по издржувањето на казната. Особено е значајна соработката со локалните заедници, невладиниот сектор и семејствата на осудените лица, како и обезбедувањето соодветна поддршка при реинтеграцијата во општествената заедница.

На осуденото лице, по неговото излегување од казнено-поправната установа, неопходна му е и друга помош. Пред сè, затоа што нивната средба со слободниот живот е следена со многубројни тешкотии и проблеми. Некои од тие тешкотии се должат на самиот факт на престанок на дотогашната грижа и заштита на осудените лица во поглед на сместување, исхрана, облека, здравствена заштита од страна на казнено-поправната установа. Освен тоа, тие се грижат за тоа како ќе бидат прифатени од страна на семејството и од пошироката општествена средина.

Најважни облици на помош што го подобруваат процесот на реинтеграција се: давање материјална и парична помош, решавање на станбениот проблем, давање здравствена заштита, помош во поглед на продолжување на започнатото образование, средување на семејните односи, морална поддршка, охрабрување, советување, помош во поглед на вклучување поранешно осуденото лице во општествениот живот.[17]

Ресоцијализацијата, како цел на современото извршување кривични санкции, се потпира на неколку базични принципи, и тоа:

---

[16] Стоименовска, И. и Ковиловски, А. (2018). Потребата од постпенална политика како начин на спречување на криминалниот и пенолошкиот рецидивизам, стр. 3–4, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 25, бр. 1. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

[17] Ковач, А. (2009). Ресоцијализација осуђених лица (специјалистички рад). Факултет правних наука Аперион, Бања Лука, Фоча, стр. 29.

- **Принцип на хуманост**, според кој казната не смее да ги деградира човековите вредности на осуденото лице.
- **Принцип на индивидуализација**, според кој мерките се приспособуваат според карактеристиките и потребите на секое осудено лице.
- **Принцип на пропорционалност**, според кој санкцијата е во соднос со стореното кривично дело и можностите за ресоцијализација на осуденото лице.
- **Принцип на интеграција**, според кој процесот на ресоцијализација е насочен кон враќање на осуденото лице во заедницата како одговорен и функционален член.

Примената на алтернативните мерки – пробација, општествено корисна работа, условна осуда со заштитен надзор и електронски надзор – се покажува како ефикасен начин за комбинирање на казната со ресоцијализацијата, намалување на пренатрупаноста во пенитенцијарните установи и зајакнување на општествената корист. Притоа, клучна е систематската процена на ризикот и потребите на осудените лица, со што се овозможува индивидуализирана стратегија што максимално ја зголемува веројатноста за успешна реинтеграција на осудените лица и минимизирање на рецидивизмот кај нив.

На овој начин, ресоцијализацијата се поставува како суштински стратешки елемент на современото казнено право, кој ја реафирмира хуманата димензија на казната и ја потврдува нејзината функција како средство за одржлив развој на праведното и демократско општество.

## 4. ПРЕДИЗВИЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА РЕФОРМИ НА СИСТЕМОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Хуманизацијата на казненото право и насоченоста кон ресоцијализација не се само правни трендови, туку темелни предуслови за заштита на човековото достоинство, намалување на рецидивизмот и градење праведно и стабилно општество.

Системот на извршување на санкциите во Република Северна Македонија се наоѓа на критичен пресек помеѓу нормативните реформи и нивната практична имплементација. Иако воведувањето алтернативни мерки, воспоставувањето пробација и одредени програми за ресоцијализација на осудените лица претставуваат значаен напредок, во практиката постојат сериозни предизвици што го ограничуваат остварувањето на нивниот целосен потенцијал.

Првиот и најизразен предизвик е *ограниченоста на ресурсите* – недоволниот број стручни кадри, недоволните финансиски средства и инфраструктурни недостатоци во затворите и во пробациските служби. Овој недостаток ја намалува ефикасноста на индивидуализираните програми за ресоцијализација и ја ограничува можноста за континуирана и стратешка поддршка на осудените лица.

Вториот предизвик се однесува на *институционалната координација*. Во многу случаи, различните надлежни органи – казнено-поправни установи, служба за пробација,

локални заедници и невладиниот сектор – функционираат со ограничена меѓусебна координација, што резултира со фрагментиран пристап кон ресоцијализацијата. Недостига единствен систем на мониторинг и евалуација на ефектите од извршувањето на санкциите, со што се намалува можноста за правовремена корекција и оптимизација на мерките.

Третиот предизвик е *културниот и социјалниот контекст*. Општествената перцепција на казната како исклучиво репресивна и стигматизацијата на осудените лица создаваат дополнителни бариери за нивната реинтеграција во заедницата. Без промена на овие ставови, дури и најдобро конципираните програми за ресоцијализација ризикуваат да бидат нефункционални и неефикасни.

Врз основа на анализата на овие предизвици, во трудот ги предлагаме следниве конкретни мерки за реформи на системот на извршување на санкциите:

- **Јакнење на човечките и материјалните ресурси** – ова би се остварило преку зголемување на бројот на стручни кадри, обуки за современи методи на ресоцијализација, како и модернизација на казнено-поправните установи.
- **Интегриран систем на работа** – ова би се спровело преку воспоставување ефективна координација меѓу казнено-поправните установи, службата за пробација и локални заедници, со воведување континуиран мониторинг и евалуација на мерките.
- **Проактивна имплементација на алтернативни санкции** – ова би се реализирало преку поширока примена на пробацијата, условната осуда со заштитен надзор, општествено корисната работа, електронскиот надзор и други мерки што ги намалуваат рецидивизмот и пренатрупаноста во казнено-поправните установи.
- **Индивидуализирани програми за ресоцијализација** – ова би се остварило преку пристап кон секое осудено лице според неговите потреби, ризици и потенцијали, вклучувајќи: образование, психолошка поддршка и професионална обука.
- **Социјално-образовни мерки и подигнување на јавната свест** – нивната реализација би се постигнала преку активности насочени кон едукација на јавноста за важноста на ресоцијализацијата, како и преку зајакнување на механизмите за социјална поддршка на осудените лица во процесот на нивна реинтеграција во заедницата.

Имплементацијата на овие мерки ќе ја трансформира казната од чисто репресивен инструмент во суштински механизам на современата казнена правда, кој ги интегрира индивидуалните права на осудените лица, интересот на заедницата и целите на општествената безбедност. Овој премин кон ресоцијализирачки ориентиран систем не само што ја зголемува ефективноста на казнената политика, туку и ја потврдува зрелоста на правниот систем и неговата посветеност кон хуманите вредности и владеењето на правото.

## ЗАКЛУЧОК

Реформите во системот на извршување на санкциите во Република Северна Македонија претставуваат суштински чекор кон трансформација на казненоправниот систем од репресивен кон ресоцијализирачки модел. Анализата на законодавството, институционалните практики и компаративните искуства укажува дека современите цели на казната – хуманост, ресоцијализација и реинтеграција – не се само формални принципи, туку неопходни предуслови за функционална и праведна кривична правда.

Примената на алтернативни санкции има позитивни ефекти врз ресоцијализацијата на сторителите на казнени дела, но и врз намалувањето на притисокот врз институциите за извршување на затворските санкции. Употребата на алтернативни санкции му овозможува на сторителот да продолжи да работи, да се едуцира, да одржува врски со семејството и други активности што може да имаат превентивен ефект врз повторното извршување кривично дело, но и да спречат стигматизација што тоа лице може да ја има по издржувањето казна затвор во пенитенцијарна установа.

Иако постојат значајни позитивни промени, како што се воведувањето на пробациската служба и алтернативните санкции, во практиката се јавуваат предизвици поврзани со ресурсите, институционалната координација и социјалната перцепција на осудените лица. Овие ограничувања ја намалуваат ефективноста на мерките и ја отежнуваат постигнатата цел – намалување на рецидивизмот и обезбедување општествена безбедност.

Состојбите во системот за извршување на санкциите сѐ уште не ги постигнале посакуваните стандарди. Долги години се повторуваат истите забелешки во однос на супстандардните услови за издржување казна затвор, проблеми со обезбедувањето здравствена заштита, отсуство на континуиран процес на образование, предизвици во однос на прогресирањето на осудените лица од женски пол, но и состојбите поврзани со недоволната екипираност со стручен кадар во секторите за ресоцијализација, појавата на т.н. „затворски туризам“, присуството на дрога во затворите, односот на затворската полиција кон затворениците и сл.[18]

Препораките изведени од овој труд – јакнење на човечките и материјалните ресурси, интегриран систем на работа, поширока примена на алтернативни санкции, индивидуализирани ресоцијализирачки програми и проактивна јавна едукација – претставуваат конкретен патоказ за идните реформи во извршувањето на санкциите, но и во казненото законодавство, во поширока смисла на зборот. Примената на овие мерки ќе го зајакне балансот меѓу правата на осудените лица и интересот на заедницата, со што се создава ефикасен, хуман и одржлив систем на казнена правда.

Во целост, преминот од казнено-репресивен кон ресоцијализирачки модел не е само нормативна иновација, туку суштинска реформа која ја одразува зрелоста на општеството и неговата посветеност кон владеењето на правото. Само преку континуирани, стратешки и целосно имплементирани реформи, системот на

[18] Лажетиќ, Г. и Трпевска Мујоска, Е. (2024). Специјализиран третман: клуч за успешна ресоцијализација и адаптација на осудените лица, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1–14. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

извршување на санкциите може да стане вистински инструмент за остварување на идеалите на правдата – хумани, ефикасни и социјално одговорни мерки што ги промовираат реинтеграција и долгорочната безбедност на општествената заедница.

Сосема на крајот, треба да се нагласи дека од суштинско значење за нашата држава е воспоставувањето современ и развиен систем за извршување на кривичните санкции, кој ќе биде усогласен со актуелните казнени и криминални политики на земјите членки на Европската Унија. Начинот на кој се третираат сторителите на кривични дела претставува значаен показател за степенот на зрелост и демократичност на државата.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Denny, Meagan. (2016). "Norway's Prison System: Investigating Recidivism and Reintegration," Bridges: A Journal of Student Research: Vol. 10: Iss. 10, Article 2. Достапно на: https://digitalcommons.coastal.edu/bridges/vol10/iss10/2.

Груевска Дракулевски, Александра. (2016). Затвор и рецидивизам. Скопје: Студиорум;

Јованов, Илија. (2024). Предности од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Јованов, Илија. (2025). Предности и недостатоци од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на полесните облици на криминалитет (докторска дисертација). Скопје: Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Јовчева, Александра. (2014). Социјална интеграција на поранешно осудени лица (магистерски труд). Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Филозофски факултет – Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика „Мајка Тереза“.

Ковач, Ана. (2009). Ресоцијализација осуђених лица (*специјалистички рад*), Факултет правних наука Аперион, Бања Лука, Фоча.

Kristoffersen, Ragnar. (2013). Relapse study in the correctional services of the Nordic countries. Key results and perspectives, во: *Eurovista* 2 (3), 168-176. Достапно на: https://cep-probation.org/wp-content/uploads/2019/01/VOL-2.3-Relapse-study-in-the-correctional-services-of-the-Nordic-countries.-Key-results-and-perspectives.pdf.

Лажетиќ, Гордана и Трпевска Мујоска, Елена. (2024). Специјализиран третман: клуч за успешна ресоцијализација и адаптација на осудените лица, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 31, бр. 1-2, стр. 1–14. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Стоименовска, Ивана и Ковиловски, Александар. (2018). Потребата од постпенална политика како начин на спречување на криминалниот и пенолошкиот рецидивизам, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, год. 25, бр. 1. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019, 220/2019, 236/2022, 74/2024).

Закон за пробација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226/2015).

Европска конвенција за заштита на човековите права. Достапна на: https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_MKD.
Recidivism Rates by Country 2025. Достапно на: https://worldpopulationreview.com/country-rankings/recidivism-rates-by-country. Посетено на: 28.11.2025 година.

**Ilija Jovanov, PhD**[19]

## CONTEMPORARY REFORMS IN THE EXECUTION OF SANCTIONS: RESOCIALIZATION AS THE FOUNDATION OF PENAL POLICY

**Abstract**

The contemporary approach to the execution of criminal sanctions is gradually shifting away from the traditional concept of punishment and repression, moving toward models that emphasize resocialization, human dignity, and the reintegration of offenders into society. In the Macedonian context, reforms in the enforcement of sanctions represent a key component of broader efforts aimed at strengthening the rule of law and humanizing penal policy. This paper analyzes the current state and outcomes of the implemented reforms, with particular focus on probation, alternative sanctions, and rehabilitation programs for convicted persons. Through a thorough analysis of positive law, comparative practices, and relevant reports, the aim is to determine whether the current measures genuinely contribute to reducing recidivism and to achieving the objectives of penal policy more effectively. The conclusion emphasizes that the transition from a punishment-based model to one oriented toward resocialization is not only feasible but also necessary, if the state aspires to establish a fair, humane, and functional criminal justice system.

**Keywords:** *criminal sanctions, recidivism, alternative sanctions, resocialization.*

[19] Doctor of Law in Criminal Law (PhD) at “Iustinianus Primus” Faculty of Law in Skopje at Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. E-mail: ilija_jovanov@yahoo.com.